Врз основа на член 77- ж од Законот за културата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15 и 39/16), член 21 од Законот за работни односи ( „ Службен весник на Република Македонија“ бр.62/05,106/08,114/09,16/10,47/11,39/12,13/13, до 120/18),член 13 став 2 точка 18 од Статутот на НУ „Македонски народен театар“ – Скопје – Пречистен текст бр. 02-347 од 05.04.2016 година и Записник бр. 04 – 462/4 од 22.07.2019 година, а во врска со Одлука за објавување јавен оглас 04- 425 од 28.06.2019 година и оглас бр. 2/2019 од 02.07.2019 година, на 16.08.2019 година, се донесува следната:

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА
МАКЕДОНСКИ НАРОДЕН ТЕАТАР
Бр. 04-515
26.08. 2019 год.
СКОПЈЕ

**ОДЛУКА ЗА ИЗБОР**
**За вработување на неопределено време, на 1 (едно) лице, на работно место портир , по пат на јавен оглас**

1. По јавниот оглас бр.02/2019 од 02.07.2019 година, и спроведена постапка за вработување на 1 (едно) лице, на неопределено време, на работно место портир се избира кандидатот:
   - **Амир Какалески**

2. Врз основа на оваа Одлука, ќе се донесе решение за вработување и со избраниот кандидат од точка 1 од оваа Одлука ќе се потпише договор за вработување.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

***ОБРАЗЛОЖЕНИЕ***

Врз основа на Согласност од Министерство за финансии за обезбедени финансиски средства за вработување на неопределено време на 1 (едно) лице, на работно место портир, број 18-4864/2 од 19.06.2019 година е донесена Одлука за објавување на јавен оглас бр. 04- 425 од 28.06.2019 година. Врз основа на одлуката објавен е јавен оглас број 2/2019 од 02.07.2019 година во дневните весници „Лајме“, „Вечер“ и „Нова Македонија“. По огласот, во Архивата на НУ „МНТ“ беа доставени 4 ( четири) пријави . Комисијата за вработување формирана со решение бр. 04-450 од 10.07.2019 година, изврши административна селекција и проверка на веродостојност на доказите како и изврши интервју со кандидатите кои ги исполнуваа условите од огласот. Комисијата за вработување, по извршената административна селекција и проверка на веродостојноста на доказите и интервјуто со кандидатите, подготви соодветни записници и ранг листа, и до директорот достави предлог за избор на кандидат, број 04-454 од 16.07.2019 и број 04-462 од 22.07.2019.
Имајќи го предвид горенаведеното, Директорот одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

***Правна поука***: Против оваа Одлука, незадоволниот кандидат може да поднесе приговор до Управниот одбор на НУ „Македонски народен театар“ Скопје, во рок од 8 дена од приемот на истата.

Доставено до: - архива
до : кандидатите
до : -агенција за вработување

**Директор**
**Симона Угриновска**